РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1849/1

28-04-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-1454/1 од 08.05. 2025 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во реализацијата на Проектот за зајакнување на преносната мрежа во ------------------------------ од страна на ---------------------------------------------------------------------------------------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-1454/1 од 08.05.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет оформен по пријава со број 12-1454/1 од 08.05.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во реализацијата на Проектот за зајакнување на преносната мрежа во ---------------------------------------, во делот на Компонента 1: Проектирање, градба и пуштање во работа на нова 400/110 трансформаторска станица во близина на ---------------------, во Општина ----------------- од страна на ---------------------.
Подносителот во пријавата наведува дека одредени лица вршеле откуп на земјоделско земјиште по кој се движела трасата на наведениот проект, од кои тој бил контактиран заради купување на неговата земјоделска парцела, каде се планирало да се изгради

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

трансформаторска станица, се со цел потоа да може истото земјиште да се продава на државата со многу повисока цена.

Со цел утврдување на фактичката состојба во предметниот случај, Државната комисија достави Барање за доставување на информација до -----------------.

Постапувајќи по барање на ДКСК со бр.12-1454/2 од 04.06.2025 и Ургенција бр.12-1454/3 од 05.09.2025 година, ---------------- достави информација, во која се наведува следното:

ВО конретниот случај се работи за Урбанистички Проект вон опфат на урбанистичкиот план за изградба на нова трансформаторска станица 400/110 kV во близина на --------------, во Општина --------------- од страна на ----------------.

Од страна на Министерството за транспорт и врски била иницирана постапка бр.----------- бр.------------ од 06.07.2023 година за добивање на услови за планирање на просторот од Агенцијата за планирање на просторот. Министерството за животна средина донела Решение за услови за планирање на просторот бр.---------------------.

Министерството за транспорт и врски издало Потврда за одобрување бр.ППбр.------------- од 23.05.2024 година на Проектна програма иницирана во постапка бр.----------- од 02.02.2024 година од страна на Проектантот.

Согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање доставени се податоци, информации и мислења од државните органи, институции, установи и правни лица кои вршат јавни надлежности по барање поднесено преку Електронскиот информациски систем Е-урбанизам од страна на проектантот. По истото било добиено Известување за констатирани недостатоци од Министерството за транспорт и врски бр.------------ од 30.05.2025 година.

По однос на откупот на земјоделското земјиште планирано за изградба на нова ТС 400/110 kV во --------------, -------------- информира дека оваа постапка не може да отпочне пред одобрување на Урбанистичкиот проект.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk